ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09-1847/1
24.09.2024

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 49 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19, 38/20, 33/24), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

П Р А В И Л Н И К

За остварување на еднократна парична помош за еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот, условите и постапката за остварување на правото на еднократна парична помош за еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители и потребната документација за остварување на ова право.

Правото на еднократна парична помош се остварува еднаш во текот на една календарска година.

Член 2

Еднократна парична помош се доделува на еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители кои се нашле во положба на социјален ризик

Барањето за остварување на правото на еднократна парична помош се доставува до Градоначалникот на Општина Македонска Каменица, преку Архивата на Општина Македонска Каменица на образец –Барање за остварување на правото на еднократна парична помош.

Член 3

Разгледувањето на барањата, нивната обработка како и постапувањето по истите, го врши 3-члена Комисија за еднократна парична помош, формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица.

Во рок од 15 (петнаесет) дена од истекот на рокот за поднесување барања, Комисијата ја разгледува приложената документација и врз основа на тоа составува Записник за фактичката состојба во еднородителските семејства, деца на самохрани родители или кај децата без родители и до Градоначалникот доставува Предлог – Решение за одобрување или одбивање на Барањето.

Член 4

Градоначалникот во рок од 8 (осум) дена од добивањето на предлог-решениоето донесува Решение за усвојување или одбивање на барањето.

Член 5

Подносителот на барањето за доделување на овој вид еднократна парична помош, заради добивање на помошта, за себе и за членовите на семејството приложува :

1. Фотокопија на важечка лична карта (или извод од матична книга на родени доколку се работи за малолетни лица);

2. Потврда од министерство за труд и социјална политика за деца без родители и самохрано родители.;

3. Изјава заверена кај нотар за еднородителски семејства;

4. Потврда за примена плата во последните три месеци пред поднесување на барањето (или чек од последната пензија)

5. Потврда од АВРМ за невработени членови на семејството;

6. Доказ од Управа за јавни приходи, на пријавени или остварени приходи (лични и за членовите на потесното семејство) за претходната година и

7. Фотокопија од трансакциска сметка на барателот.

Член 6

Комисијата е должна од подносителот на барањето да побара на увид во текот на постапката, оригинали за сите приложени фотокопии.

Недостатокот на некој од горенаведените документи го исклучува барањето од можност за негова понатамошна обработка.

Член 7

Износот на еднократната помош **може да изнесува до 30.000 денари**, за задоволување на потребите на еднородителско семејство или семејство на самохран родител кое се нашло во положба на социјален ризик, доколку децата во тоа семејство се ученици до 18 години, односно студенти до 26 години и доколку месечните приходи по член од семејството не се поголеми од минималната нето плата.

Износот за еднократна парична помош **може да изнесува до 15.000 денари**, за задоволување на потребите на дете без родители (за секое дете). За ученици до 18 години односно студенти до 26 години месечните примања не се земаат предвид.

Член 8

Со овој Правилник престануваат да важат Правилник бр.08-635/1 од 09.04.2021 година и Правилник за изменување на правилникот бр.08-1742/1 од 21.09.2022 година.

Член 9

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се овбјави во Службен гласник на Општина Македонска Каменица".

Општина Македонска Каменица
Градоначалник,
Димче Атанасовски

Изготвил: Раководител на Одделение за
правни и општи работи и јавни дејности
Анета Темчева